Здружение на граѓани
Институт за човекови права
Бр. 0506-51/2
07.07 20__ год.
СКОПЈЕ

За потребите на проектот „Пристапот заснован на човекови права за време на КОВИД-19 кризата" финансиски поддржан од Балканскиот труст за демократија, проект на Германскиот Маршалов Фонд на САД и УСАИД, а врз основа на Договор за грант BTD-FY2021-1506 склучен меѓу Институтот за човекови права и Балканскиот труст за демократија, претседателката на Институтот за човекови права испраќа:

# ПОКАНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПОНУДИ

## За ангажирање на експерти за изготвување на курс за имплементација на пристапот заснован на човекови права за време на здравствената криза

Институтот за човекови права (ИЧП) во рамките на проектот „Пристапот заснован на човекови права за време на КОВИД-19 кризата" финансиски поддржан од Балканскиот труст за демократија, проект на Германскиот Маршалов Фонд на САД и УСАИД има потреба од набавка на **двајца експерти за изготвување на курс за за имплементација на пристапот заснован на човекови права за време на здравствената криза.**

1. Опис на услугата

   Услугата вклучува:

   - Креирање на финална Методологија за онлајн предавање, прашања и обрасци
   - Креирање на материјали со лекции поврзани со секое поглавје на курсот
   - Едукативни видеа со содржината на материјалите на курсот
   - Изготвување на прашања за секое поглавје на курсот (со понудени одговори)

Подетален опис на услугата е содржан во техничката спецификација.

2. Фази на спроведување (прелиминарна временска рамка)

Услугата потребно е да се испорача: Методологија најдоцна до 25.07.2020 година, Финални материјали со утврдени лекции, прашања и обрасци за секое поглавје на курсот најдоцна до 01.09.2020 и едукативни видеа заклучно со 20.10.2020 година.

ИЧП го задржува правото на утврдување на временската рамка за испораката на нарачаните услуги од страна на добавувачите.

3. Ве охрабруваме да ни доставите Ваша понуда за горенаведената покана.

Понудата треба да ги содржи следните елементи:

- Биографија со искуство
- Предлог-методологија за конципирање на курсот
- Финансиска понуда (согласно приложениот формат подолу).

Финансискиот дел од понудата треба да биде во следниот формат:

| Р. бр. | Услуга/стока | Количина (во денови) | Цена во бруто износ (во МКД) |
|---|---|---|---|
| 1. | Изработка на предлог-методологија | **1** | |
| 2. | Изработка на едукативен курс за примена на пристапот заснован на човекови права | **12** | |
| | **Вкупно** | ***13*** | |

4. Изборот на добавувачи ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и на финансиската понуда.

5. Скалата на бодување врз чија основа ќе се изврши и избор на понуда е следната:

| **Квалитативна евалуација** | **Максимум можни бодови** |
|---|---|
| Искуство (биографија) | 30 |
| Предлог-методологија за конципирање на курсот | 30 |
| Вкупно бодови за квалитативна евалуација | 60 |
| **Финансиска евалуација** | **Максимум можни бодови** |
| Вкупно бодови за финансиска евалуација | 40 |
| **Финална евалуација** | |
| Просечна оценка за квалитативна евалуација | 60 |
| Просечна оценка за финансиска евалуација | 40 |
| **Вкупна оценка** | **100** |

6. Услови и начин на плаќање

Плаќањето ќе биде извршено по изработка на едукативниот курс за имплементација на пристапот заснован на човекови права за време на здравствената криза.

7. Начин на доставување на понудите

Понудите се доставуваат во електронска форма на е-поштата на проектниот координатор vesna.stefanovska@ihr.org.mk , со назнака: Едукативен курс за имплементација на пристапот заснован на човекови права за време на здравствената криза.

Краен рок на доставување на понудите е до 14.07.2021 година. Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според пропозициите на повикот, нема да бидат земени предвид. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.

Сите дополнителни појаснувања може да се добијат преку адресата на е-поштата на vesna.stefanovska@ihr.org.mk најдоцна до 12.07.2021 година.

Рок на важност на понудата: најмалку 30 дена. Во случај кога понудувачот е одбран, истиот се обврзува да ги задржи понудените цени за времетраењето на кое се однесува предметната набавка.

**Маргарита Цаца Николовска**

**Претседателка на**
**Институтот за човекови права**

Институт за човекови права
Здружение граѓани
СКОПЈЕ

**Спецификација за ангажирање на експерти –
Изготвување на курс за имплементација на пристапот заснован на човекови права
за време на здравствената криза**

# 1. ВОВЕД

## 1.1. Позадина на задачата

Целта на проектот „Пристапот заснован на човекови права за време на КОВИД-19 кризата" е примена на пристапот заснован на човекови права за време на здравствената криза со цел подобро да се анализираат и адресираат рестрикциите на човековите права кои се очекувани за време на пандемија. Примената на пристапот заснован на човекови права при реализирање на здравствените политики треба да придонесе кон заштита на основните човекови права поврзани со здравствената криза како што се: слободата на движење, правото на образование, право на пристап до информации, забрана за дискриминација и слично.

<u>Очекувани резултати:</u>

- Зголемена транспарентност и одговорност на владините политики во справување со КОВИД-19 и
- Подигање на свеста за значењето на пристапот заснован на човекови права за време на здравствената криза.

# 2. РАМКА НА ЗАДАЧАТА

## 2.1. Цел на мисијата/задачата

Генералната цел на задачата е да се креира едукативен курс со цел развивање на стратегии и политики кои се базирани на пристапот заснован на човекови права за време на пандемијата предизвикана од КОВИД-19. Курсот ќе овозможи ефективен пристап до едукација за заштита и унапредување на човековите права преку имплементација на пристапот заснован на човекови права со посебен фокус на дискриминацијата и остварување на основните загарантирани права на маргинализираните групи на граѓани. Курсот ќе биде наменет за правници, претставници од државни институции и граѓанскиот сектор.

Конкретната цел на задачата е да се ангажираат експерти кои имаат претходно искуство со имплементација на пристапот заснован на човекови права кој за потребите на овој курс ќе биде со фокус на здравствената криза, рестрикциите во остварување на човековите права, можна дискриминација и справувањето на маргинализираните групи на граѓани со последиците од пандемијата.

### 2.2. Очекувани резултати

Од ангажираните експерти се очекува да ги испорачаат следниве резултати:

- Креирање на финална Методологија за онлајн предавање, прашања и обрасци
- Креирање на материјали со лекции поврзани со секое поглавје на курсот
- Едукативни видеа со содржината на материјалите на курсот
- Изготвување на прашања за секое поглавје на курсот (со понудени одговори)

### 2.3. Известување

| Опис | Кога | Со кого |
|---|---|---|
| Финална Методологија за курсот базирана на основните принципи на Пристапот заснован на човекови права со посебен осврт на спречување на дискриминација | 25 Јули 2021 | Проектен координатор на ИЧП |
| Предлог поглавја со издвоен материјал со лекции, прашања и обрасци | 01 септември 2021 | Проектен координатор на ИЧП |
| Онлајн дескриптивни видеа врз основа на материјалите, утврдени прашања и обрасци | 20 Октомври 2021 | Проектен координатор на ИЧП |
| Финална верзија на целиот курс | 15 Ноември 2020 | Проектен координатор на ИЧП |

### 2.4 Временска рамка за реализирање на задачата

Задачата треба да биде реализирана во периодот од 20 јули 2020 до 15 ноември.2021 година.

## 3. ОРГАНИЗАЦИЈА

### 3.1. Тим за спроведување на задачата

За спроведувањето на активностите ќе се ангажираат две лице кои ќе го изработат курсот за имплементација на пристапот заснован на човекови права за време на здравствената криза.

### 3.2. Специфични квалификации

За реализација на оваа проектна задача ќе се ангажираат две лица кои имаат соодветно искуство. Потребно е лицата да има претходно искуство во креирање во имплементација на пристапот заснован на човекови права, односно во заштита и остварување на човековите права, спречување на дискриминација со посебен осврт на маргинализираните групи на граѓани.

Крајниот рок за извршување на оваа задача е **15 ноември, 2021 година.**

**3.3. Логистика**

За спроведување на активностите од страна на проектниот тим на ИЧП:
-ИЧП проектен координатор – достапен во текот на целата мисија

Плаќање: Плаќањето ќе биде извршено по изработка на курсот за имплементација на пристапот заснован на човекови права за време на здравствената криза.

**Маргарита Цаца Николовска**

**Претседателка на**
**Институт за човекови права**